**СТОПАНСКА БАНКА а.д. БИТОЛА**

# ИЗВЕШТАЈ

# ЗА РАБОТАТА НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА СТОПАНСКА БАНКА а.д БИТОЛА ОД АСПЕКТ НА ПОЕДИНЕЧНИТЕ ЧЛЕНОВИ И КОЛЕКТИВНО

**март, 2015 година**

# Содржина

**I.** Извештај на работењето на членовите на НО на Стопанска банка а.д Битола за 2014 година од аспект на поединечни членови ........ **3**

**II**. Извештај на работењето на членовите на НО на Стопанска банка а.д Битола за 2014 година од аспект на колективен орган за надзор ........ **9**

## I. Извештај на работењето на членовите на НО на Стопанска банка а.д Битола за 2014 година од аспект на поединечнте членови

**Надзорниот одбор на Банката го сочинуваат 7 члена од кои два се независни членови.**

**Во периодот јануари - декември 2014 година, функцијата на орган на надзор ја остваруваше Надзорниот одбор во состав од:**

- Г-дин Ненад Јосифовиќ – функцијата член на Надзорен одбор ја извршува од 24.02.2012 година врз основа на согласноста издадена со решението на Гувернерот на НБРМ бр. 1681 од 24.02.2012 година. Собранието на акционери на Стопанска банка а.д Битола на седницата одржана на ден 09.01.2013 година ја донесе Одлуката бр. 02-110/6 со која г-дин Ненад Јосифовиќ се именува за член на г-дин Надзорниот одбор на Банката. Со Решение на Гувернерот на НБРМ бр.12011 од 29.03.2013 година му се издаде претходна согласност да биде именуван за член на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д Битола за период од една година со што г-дин Ненад Јосифовиќ во периодот од јануари до декември 2013 година ја извршува функцијата член на Надзорниот одбор на Банката. Собранието на акционери на Стопанска банка а.д Битола на седница одржана на 18.12.2013 година, ја донесе одлуката СО бр. 02-5656/1 со која г-дин Ненад Јосифовиќ се именува за член на г-дин Надзорниот одбор на Банката. Со Решение на Гувернерот на НБРМ бр.11425 од 08.04.2014 година му се издаде претходна согласност да биде именуван за член на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д Битола за период од една година со траење до 08.04.2015 година. Во периодот во кој е избран за член на Надзорниот одбор, г-динот Ненад Јосифовиќ ја извршуваше функцијата претседател на Надзорниот одбор.

- Г-дин Панче Нефтенов – функцијата независен член на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д Битола ја извршува од 06.03.2012 година кога со Решение Гувернерот на НБРМ бр.1989 од 06.03.2012 година му се издаде претходна согласност да биде именуван за независен член на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д Битола. Собранието на акционери на Стопанска банка а.д Битола на седницата одржана на 09.01.2013 година ја донесе Одлуката бр. 02-110/2 со која г-дин Панче Нефтенов се именува за независен член на Надзорниот одбор на Банката. Со Решение на Гувернерот на НБРМ бр.12016 од 29.03.2013 година му се издаде претходна согласност да биде именуван за независен член на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д Битола за период од една година со што во периодот од јануари до декември 2013 година ја извршува функцијата независен член на Надзорниот одбор на Банката. Собранието на акционери на Стопанска банка а.д Битола на седница одржана на 18.12.2013 година, ја донесе одлуката СО бр. 02-5656/1 со која г-дин Панче Нефтенов се именува за независен член на Надзорниот одбор на Банката. Со Решение на Гувернерот на НБРМ бр.11427 од 08.04.2014 година му се издаде

претходна согласност да биде именуван за независен член на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д Битола за период од една година со траење до 08.04.2015 година.

- Г-дин Дејан Панделески - функцијата член на Надзорен одбор ја извршува од 24.02.2012 година кога со Решение на Гувернерот на НБРМ бр. 1682 од 24.02.2012 година му се издаде претходна согласност да биде именуван за член на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д Битола. Собранието на акционери на Стопанска банка а.д Битола на седницата одржана на 09.01.2013 година ја донесе Одлуката бр. 02-110/4 со која г-дин Дејан Панделески се именува за член на Надзорниот одбор на Банката. Со Решение на Гувернерот на НБРМ бр.12013 од 29.03.2013 година му се издаде претходна согласност да биде именуван за член на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д Битола за период од една година со што во периодот од јануари до декември 2013 година ја извршува функцијата член на Надзорниот одбор на Банката. Собранието на акционери на Стопанска банка а.д Битола на седница одржана на 18.12.2013 година, ја донесе одлуката СО бр. 02-5656/1 со која г-дин Дејан Панделески се именува за член на Надзорниот одбор на Банката. Со Решение на Гувернерот на НБРМ бр.19014 од 05.06.2014 година му се издаде претходна согласност да биде именуван за член на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д Битола за период од една година со траење до 05.06.2015 година.

- Г-дин Иванчо Велјановски - функцијата член на Надзорен одбор ја извршува од 24.02.2012 година кога со Решение на Гувернерот на НБРМ бр. 1680 од 24.02.2012 година се издаде претходна согласност да биде именуван за член на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д Битола . Собранието на акционери на Стопанска банка а.д Битола на седницата одржана на 09.01.2013 година ја донесе Одлуката бр. 02-110/5 со која г-дин Иванчо Велјановски се именува за член на Надзорниот одбор на Банката. Со Решение на Гувернерот на НБРМ бр.12014 од 29.03.2013 година му се издаде претходна согласност да биде именуван за член на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д Битола за период од една година со што во периодот од јануари до декември 2013 година ја извршува функцијата член на Надзорниот одбор на Банката. Собранието на акционери на Стопанска банка а.д Битола на седница одржана на 18.12.2013 година, ја донесе одлуката СО бр. 02-5656/1 со која г-дин Иванчо Велјановски се именува за член на Надзорниот одбор на Банката. Со Решение на Гувернерот на НБРМ бр.11426 од 08.04.2014 година му се издаде претходна согласност да биде именуван за член на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д Битола за период од една година со траење до 08.04.2015 година.

- Г-ѓа Александра Радевска - функцијата член на Надзорен одбор ја извршува од 01.04.2013 година кога со Решение на Гувернерот на НБРМ бр.12015 од 29.03.2013 година и се издаде претходна согласност да биде именувана за член на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д Битола за период од една година од примот на Решението. Собранието на акционери на Стопанска банка а.д Битола на седница одржана на 18.12.2013 година, ја донесе одлуката СО бр. 02-5656/1 со која г-ѓа Александра Радевска се именува за член на Надзорниот одбор на Банката. Со Решение на Гувернерот на НБРМ бр.11428 од 08.04.2014 година и се издаде претходна согласност да биде именувана за член на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д Битола за период од една година со траење до 08.04.2015 година.

- Г-дин Коста Костадиновски - функцијата независен член на Надзорен одбор во 2013 година ја извршува од 01.04.2013 година кога со Решение на Гувернерот на НБРМ бр.12017 од 29.03.2013 година му се издаде претходна согласност да биде именуван за независен член на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д Битола за период од една година од приемот на Решението. Собранието на акционери на Стопанска банка а.д Битола на седница одржана на 18.12.2013 година, ја донесе одлуката СО бр. 02-5656/1 со која г-дин Коста Костадиновски се именува за независен член на Надзорниот одбор на Банката. Со Решение на Гувернерот на НБРМ бр.11429 од 08.04.2014 година му се издаде претходна согласност да биде именуван за независен член на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д Битола за период од една година со траење до 08.04.2015 година.

- Г-дин Кирил Митровски - функцијата член на Надзорен одбор ја извршува од 09.10.2012 година кога со Решение на Гувернерот на НБРМ бр.8216 од 09.10.2012 година му се издаде претходна согласност да биде именуван за член на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д Битола. Собранието на акционери на Стопанска банка а.д Битола на седницата одржана на 29.05.2013 година ја донесе Одлуката бр. 02-2680-II-15 со која г-дин Кирил Митровски се именува за член на Надзорниот одбор на Банката. Со Решение на Гувернерот на НБРМ бр.32498 од 09.10.2013 година му се издаде претходна согласност да биде именуван за член на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д Битола за период од една година со што во периодот од јануари до декември 2013 година ја извршува функцијата член на Надзорниот одбор на Банката. Собранието на акционери на Стопанска банка а.д Битола на седница одржана на 28.05.2014 година, ја донесе одлуката СО бр. 02-3050/II-13 со која г-дин Кирил Митровски се именува за независен член на Надзорниот одбор на Банката. Со Решение на Гувернерот на НБРМ бр.33691 од 31.10.2014 година му се издаде претходна согласност да биде именуван за независен член на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д Битола за период од една година со траење до 31.10.2015 година.

**Во овој период Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д Битола одржа вкупно 56 седници на кои:**

Г-дин Ненад Јосифовиќ присуствуваше на 56 седници од вкупно 56 седници на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д Битола во периодот од 01.01.2014 година до 31.12.2014 година. Во делокругот на својата работа особено значаен придонес даде во делот на подобрување на коорпоративното управување и примената на коорпоративниот кодекс. Од особено значење во овој период беше неговото присуство особено во делот на следењето на законската регулатива, изложеностите на поврзаните лица и конфликтот на интереси. Како резултат на неговото залагање во својство на Претседател на Надзорниот одбор на Банката беа одржани 56 седници на кои се одлучуваше за проблемите со кои се соочуваше Банката во овој период. Особен акцент стави во делот на стабилизацијата на Банката, умерениот раст на банкарскиот пазар преку подржување на ширење на мрежата на експозитури. Од моментот на именување за член на Надзорниот одбор се залага за привлекување на странски извори на финансирање, и користење на странски кредитни линии со што би се створиле услови за привлекување на странски капитал. Неговата посветеност и енергичност се придонес за успешно справување со предизвиците кои ги наметнува функцијата.

Г-дин Панче Нефтенов - присуствуваше на 56 седници од вкупно 56 седници на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола во периодот од 01.01.2014 година до 31.12.2014 година. Неговото 20 годишно искуство како дипломиран правник со положен правосуден испит и особено 18 годишното искуство како адвокат, претставува доволен основ за правната помош која ја пружи на Банката и нејзините вработени, во делот на ангажманите околу судските предмети, коорпоративното управување, како и поттикнување на чувството на непристрасност и стручност при вршењето на работните задачи согласно законските прописи. Во својство на независен член се стремеше Надзорниот одбор на банката да одлучува согласно законските прописи, банката да ја почитува регулативата на Народна банка на Република Македонија без никакви отстапки. Заедно со останатите членови на Надзорниот одбор на Банката во периодот кој измина, се залагаше за практицирање на добрите деловни одлуки на Банката, со цел да истата во наредните години реално биде успешна приказна во банкарскиот сектор. Неговата кооперативност со другите членови на Надзорниот одбор како и иницијативата за генерирање на промени придонесе во насока на подобрување на работењето на Банката.

Г-дин Дејан Панделески присуствуваше на 47 седници од вкупно 56 седници на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола во периодот од 01.01.2014 година до 31.12.2014 година. Со неговите менаџерски способности во овој период особено стави подршка во делот на продажба на превземниот имот на банката. Со негова подршка банката во овој период успешно реализира повеќе продажби на преземен имот. Особено се залагаше за модернизација на банкарските производи, успешно менаџирање на банката како Банката би била успешна приказна во банкарскиот сектор. Негово залагање во овој период беше Банката да се насочи кон пласирање на кредити и

поддршка на малите и средни претпријатија како партнери со кои треба да соработува. Се залагаше за диверзификација на кредитното портфолио, намалување на кредитирање на ризични пласмани. Во целост ја подржува политиката на Банката за ширење на мрежата на експозитури на територијата на Република Македонија. Во текот на изминатиот период успешно се справуваше со предизвиците, одговорностите и задолженијата кои ги имаше како член на Надзорниот одбор.

Г-дин Иванчо Велјановски присуствуваше на 55 седници од вкупно 56 седници на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола во периодот од 01.01.2014 година до 31.12.2014 година. Во текот на својата работа како член на Надзорниот одбор особен интерес даде во делот на започнатата консолидација и стабилизација на организационата и финансиската состојба на Банката, се залага за нудење на современи банкарски производи и услуги и примена на сите техничко-технолошки достигнувања на банкарскиот систем, со што би се појавил и заинтересиран странски стратешки партнер-инвеститор во сопственичката структура. Неговата работа се фокусира на брз развој и раст на Банката преку имплементирање на сите современи технички достигнувања кои можат да се искористат за напредок на банката.

Г-дин Коста Костадиновски присуствуваше на 55 седници од вкупно 56 седници на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола како независен член на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д Битола од 01.01.2014 година до 31.12.2014 година. Во текот на неговиот ангажман како независен член на Надзорниот одбор се залага за иден развој на Банката, разрешување на нефункционалните пласмани, диверсификација на портфолиото на клиенти и стабилен и одржлив раст на приходите од камати и провизии. Се залагаше за обезбедување на кредитни линии од меѓународните финансиски институции како и од странски комерцијални банки. Особено се залага за почитување на законските прописи, интерните акти на банката, како и препораките укажувањата на Народна банка на РМ.

Г-ѓа Александра Радевска присуствуваше на 54 седници од вкупно 56 седници на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола во периодот 01.01.2014 до 31.12.2014 година. Со своето професионално искуство како овластен ревизор придонесе за максимално следење на почитувањето на лимитите пропишани со Меморандумот на НБРМ, особено вршеше контрола на обезбедувањето на задоволително ниво на адекватност на капиталот, ликвидносните показатели, одржување на соодветна кредитна изложност со намален кредитен ризик како и одобрување на кредити согласно интерните акти како средства за обезбедување. Имајќи ги предвид сите наши досегашни позитивни искуства со г-ѓа Александра Радевска, веруваме дека нејзиниот профил е соодветен за функцијата која ја обавува, совесно, коректно и транспарентно.

Г-дин Кирил Митровски присуствуваше на 55 седници од вкупно 56 седници на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола во периодот од 01.01.2014 година до 31.12.2014 година. Своето долгогодишно работно искуство го преслика во делот на работењето како член на Надзорниот одбор на Банката. Неговите ангажмани се за активно следење на предизвиците со кои се соочува Банката, намалување на нефункционалните кредити како и консолидација и стабилизација на организационата и финансиската состојба на Банката. Долгогодишното искуство, прилагодливоста и справувањето со промените во надворешното окружување, се само придонес во насока на подобрување на работењето на Банката.

# II. Извештај на работењето на членовите на НО на Стопанска банка а.д Битола за 2014 година од аспект на колективен орган за надзор

Надзорниот одбор постојано го следеше движењето на сите финансиски показатели, билансот на состојба, билансот на успех, профитабилноста и ликвидноста на Банката, депозитите на правните и физичките лица, остварените приходи и расходи на Банката со нивната структура, соспствените средства, стапката на адекватност на капиталот, причините за подобрувањата и влошувањата на портфолиото на Банката и сите останати значајни прашања од работењето на Банката. Голема акцент во текот на извештајниот период за работењето на Надзорниот одбор на Банката колективно и од аспект на поединечните членови се стави на продажба на преземениот имот и поголемото пласирање на кредити преку што би се зголемила каматоносната актива на Банката. Во текот на 2014 година Надзорниот одбор одржа голем број на вонредни седници со цел разрешување на проблемите со кои се соочува Банката, донесе значајни одлуки за ширење на мрежата на експозитури, вршеше контрола на одржувањето на задоволително ниво на адекватноста на капиталот, го следеше работењето на Управниот одбор на Банката и работењето на Банката воопшто. Надзорниот одбор од колективен аспект акцент стави на стабилизација и усовршување на коорпоративносто управување на Банката, изнаоѓање на странски кредитни линии. Од колективен аспект Надзорниот одбор заедно со Управниот одбор на Банката ја подобрија состојбата на Банката од аспект на раст и структура на активата, бруто кредити, вкупни депозити, показателите за квалитет на кредитното портфолио и вкупната актива, ликвидносните показатели, стапката на адекватност на капиталот, пазарното учество.

Посебно сакаме да нагласиме дека основен приоритет на Надзорниот одбор на Банката во текот на извештајниот период е следењето на препораките на Народна банка на Република Македонија по однос на склучените Меморандуми, издадените Решенија и предупредувања од страна на Народна банка на Република Македонија.

За да дадеме јасна слика на она што беше приоритет на Надзорниот одбор ќе се осврнеме на историјат поврзан со активностите на Надзорниот одбор во контекст на актите на Народна банка на Република Македонија поврзани со работењето на Банката.

Имено, најнапред на ден 12.04.2012 година Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола склучи Меморандум со Народна банка на Република Македонија со кој се утврдени посебни интерни лимити за одржување на финансиската стабилност на Банката. Овие лимити се во делот на исполнување на соодност на ликвидна актива во однос на вкупните позиции на нефинансиски субјекти, однос на ликвидна актива со вкупна актива, излеоженост на 10 најголеми клиенти - нефинасиски субјекти и одржување на стапка на адекватност од минимум 20 %. Со 31.12.2012 година Банката во целост ги почитуваше лимитите согласно Меморандумот.

Во текот на 2013 година, на ден 14.01.2013 година под број 1265 склучен е Меморандум за измена на Меморандум од 12.04.2012 година под број 3090, помеѓу Народна банка на Република Македонија и Стопанска банка а.д Битола, претставувана од Надзорниот одбор во која измена е опфатено барањето за правење на исклучок во делот на Каталогот на обезбедувања за соодносот кога се врши продажба на преземен имот, конкретно за клиентот ,,Инвикта,, ДООЕЛ Скопје.

Следеше склучување на Меморандум за измена на Меморандумот бр. 3090 и Меморандумот бр.1265 од 28.06.2013 година под број 22991 со кој се прифати одобрување на изложености соглано новиот Каталог на средства за обезбедување и преглед на категории на обезбедување на Стопанска банка а.д. Битола, што значеше поконзервативен пристап во делот на соодносите на средствата на обезбедување наспрема кредитната изложеност.

Од страна на Надзорниот одбор соодветно внимание се посвети и на она што произлезе од писмените предупредувања на  Народна Банка на Република Македонија од 11.07.2013 година со кое се бараше Банката да го превземе следното: а) "Процедурата за идентификување и следење на поврзани лица и лица поврзани со Банката" (најдоцна до 30.09.2013 година) да се дополни со одредба со која ќе се забрани одобрување на кредити на клиенти чии основачи се нерезиденти, а за кои Банката не обезбедила документација за идентификација за крајниот сопственик на нерезидентите; б) да се направи соодветна класификација на кредитната изложеност и да се издвои соодветна исправка на вредност кај клиентите согласно Записникот од делумна теренска контрола СД бр.17-105 од 20.02.2013 година; в) зајакнување на интерните системи на контрола со цел да се оневозможи кредитирање заради наплата на побарување; г) Службата за внатрешна ревизија(најдоцна до 31.12.2013 година) да изврши оценка за превземените активности за надминување на неусогласеностите со законската регулатива и слабостите утврдени со Записникот од делумна теренска контрола СД бр.17-105 од 20.02.2013 година.

Двигател на сите активности е Надзорниот одбор  и по однос на  сите мерки офатени во цитираниот документ е постапено од страна на Банката, по што е известена и Народна Банка на Република Македонија со писмено известуавање.

Со Препорака на Народна банка на Република Македонија од 11.07.2013 година се бараше од  Банката да го превземе следното: а) отстранување на слабостите во системот за управување со ризик (најдоцна до 30.09.2013 година); б) службата за внатрешна ревизија да превземе активности за отстранување на слабостите согласно Записникот од делумна теренска контрола СД бр.17-105 од 20.02.2013 година(најдоцна до 31.12.2013 година).

Исто така и по однос на овој документ иницираните активности беа од страна на членовите на Надзорниот одбор со цел да Банката постапи посодржаното во него, и

секако за тоа да се извести и Народна банка на Република Македонија со писмено известуавање.

Во текот на извештајниот период Надзорниот одбор на Банката особен акцент стави на Меморандум за измена и дополнување на Меморандум И.бр. 27640 од 01.09.2014 година со кој се бараше: да се намали учеството на бруто изложеноста спрема 5-те најголеми изложености на 44 проценти од сопствените средства на Банката најдоцна до 01.12.2014 година, по што Банката ги превзеде потребните мерки од планот за намалување на кредитната изложеност кон групациите и субјетите поврзани со нив со што на 31.12.2014 година изложеноста кон 5-те најголеми групации изнесуваше 33.65%.

Со Препорака на гувернерот на Народна банка на РМ бр.И.бр.536 од 22.08.2014 година се бараѓе од Банката: да постапи и да ги спроведе активностите дефинирани во акцискиот план во утврдените рокови со цел надминување на неусогласеностите со Законот за НБРМ констатирни со записникот од извршена теренска контрола И.бр.17-85 од 13.02.2014 година. лужбата за внатрешна ревизија да изврши оценка на превземените активности за постапување по препораката и на веќе завршените активности согласно со акцискиот план, во рок од 1 месец по истекот на роковите дефинирани во акцискиот план.Извештаите со наодите од службата за внатрешна ревизија треба да бидат предмет на разгледување од страна на одбор на ревизија на прва наредна седница и истите да се доставуваат до НБРМ во рок од 5 дена од усвојување на извештаите за ревизија.

Надзорниот одбор на банката во овој период превзеде мерки за отстранување на пропустите изготвен е Акциски план по што известена е НБРМ.

Во рамките на своите надлежности Надзорниот одбор донесе: Политика за управување со кредитен ризик, Политика за сигурност на информативниот систем, Стратегија за тргување со девизни средства, Политика за наградување на Стопанска банка а.д. Битола, Програма-Политика за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам, Каталог на обезбедување на Стопанска банка а.д. Битола, Политика за користење на услуги од надворешни лица –мај 2014, Политика за управување со ликвидносен ризик Политиката за контрола на усогласеноста на работењето на банката со прописите, Политика за идентификување на потенцијалните судири на интереси, Политика за управување со правен ризик, Политика за непречена комуникација и можност за известување на вработените во Банката во случај на корупција, Политика за управување со ризикот од промена на каматните стапки во портфолиото на банкарски активности, Политика за управување со пазарен ризик, Политика за управување со валутен ризик, Политика за управување со репутациски ризик, Политика за управување со кредитен ризик, Програма-Политика за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, Политика за утврдување на осетливи информации како и Пречистен текст на Статутот на Стопанска банка а.д. Битола.

Надзорниот одбор на Банката ги усвои плановите и програмите за работа, финансискиот план на Банката, Годишниот план за внатрешна ревизија, Годишната сметка, Финансиските извештаи и Годишниот извештај за работењето на Банката, ги утврди лимитите за вкупна изложеност спрема поединечен субјект над 10% од сопствените средства на Банката и изложености по земји, ги прифти извештаите на супервизијата и други извештаи од Народната банка и други надлежни институции извештаите на Одборот за управување со ризици, Одборот за ревизија, Службата за внатрешна ревизија, извештаите за работењето на Банката, усогласноста на работењето на банката согласно Законот и другите подзаконски акти, елаборатите за отпис на пабарувања како и други информации и извештаи од својата надлежност.

**Стопанска банка а.д. Битола**

**Надзорен одбор**